# Службен гласник
## на Општина Штип

Службен гласник
на Општина Штип
Излегува по потреба

Број 5
14 март 2024 година

Година LXI


С О Д Р Ж И Н А


| Р. бр. | | страна |
|---|---|---|
| 191. | Решение за престанок на Решение за доделување на користење на монтажна куќа. | 377 |

191.

Врз основа на Правилникот за критериумите и постапката за доделување и начинот на користење на монтажните куќи-хуманитарна помош од Р.Бугарија (“ Службен гласник на Општина Штип” број 4/2000) и Записникот за утврдување на фактичката состојба на монтажните куќи-хуманитарна помош од Р.Бугарија број 09-6837/1 од 01.11.2023 година , а во врска со 36 став 1 алинеа 9 и член 51 став 3 од Статутот на Општината Штип (“Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Градоначалникот на Општина Штип, на ден 01.11.2023 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за престанок на Решение за доделување на користење на монтажна куќа

Со ова Решение престанува да важи Решението за доделување на користење на монтажна куќа број 08-928/1 од 09.06.2000 година, донесено од Комисијата за доделување на монтажни куќи - хуманитарна помош, доделено на лицето Снежана Ристова од Штип со стан на ул. Панче Караѓозов бр.53 во Штип за користење монтажна куќа - барака број 1-Б, со површина 54м2 во населба Три Чешми.

О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за решавање на статусот на монтажните куќи - хуманитарна помош од Р.Бугарија формирана со Решение број 09-6842/1 од 17.12.2021 година од страна на Градоначалникот на Општина Штип, со Записникот за утврдување на фактичката состојба на монтажните куќи-хуманитарна помош од Р.Бугарија број 09- 6837/1 од 01.11.2023 година, утврди дека лицето Снежана Ристова од Штип со стан на ул. Панче Караѓозов бр.53 во Штип не живее и не ја користи монтажната куќа - барака број 1-Б, со површина 54м2 во населба Три Чешми.

Од погоренаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука**: Против ова Решение може да се поднесе Приговор во рок од 8 дена преку Комисијата за утврдување на фактичката состојба на монтажните куќи-хуманитарна помош од Р.Бугарија до Градоначалникот на Општината Штип.

Број 09-6837/2
01.11.2023 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.